**ЗАПИСНИК**
**од 10–та седница на Советот на Агенцијата за аудио**
**и аудиовизуелни медиумски услуги**
**одржана на 12.04.2021 година**

**Присутни членови на Советот на Агенцијата преку видео конференциска врска:** Лазо Петрушевски претседател на Советот на АААМУ, д-р Милаим Фетаи заменик на претседателот на Советот на АААВМУ, м-р Алма Машовиќ, Лазар Трајчев, Зоран Фиданоски, д-р Методија Јанчески и Селвер Ајдини.

**Отсутни членови на Советот на Агенцијата**: /

**На седницата преку видео конференциска врска беше присутен д-р Зоран Трајчевски директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.**

**Присутни од Стручната служба**: м-р Драгица Љубевска, д-р Андриана Скерлев Чакар, м-р Емилија Јаневска, м-р Магдалена Давидовска Довлева, Горан Радуновиќ, м-р Арбен Саити, Цветанка Митревска, Маја Дамевска, м-р Ружица Бошнакоска Јотевска, д-р Ивана Стојановска.

**Други присутни: /**

Г-дин Петрушевски ја отвори 10-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Седницата започна во 14:30 часот и се одржа преку видео конференциска врска.

Советот на Агенцијата, едногласно го усвои следниот:

**ДНЕВЕН РЕД**

1. Усвојување на Предлог-записник од 9-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 25.03.2021 година.
2. Разгледување на кварталните извештаи за работата на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за периодот од 01 јануари до 31 март 2021 година.
3. Нацрт-измена на Планот за намена и распределба на капацитети на дигитален терестријален мултиплекс на оператор на јавна електронска комуникациска мрежа кој има обврска за емитување на програмските сервиси на радиодифузерите бр.01-1268/1 од 17.02.2015 година.
4. Предлог за изрекување мерка на ТРД Телевизија СИТЕЛ ДООЕЛ за прекршување на член 50 став 3 од ЗААВМУ и на членовите 16 и 17 од Правилникот за заштита на малолетници.
5. Предлог за изрекување мерка на ТРД АЛФА ТВ ДООЕЛ Скопје за прекршување на член 64 став 1 од ЗААВМУ.
6. Предлог за изрекување мерка на Колор Медиа Плус од Скопје за прекршување на член 14 од Законот за медиуми.

7. Предлог-одлука за промена на сопственичката структура на ТРД КТВ ДООЕЛ Кавадарци.
8. Предлог-одлука за промена на сопственичката структура на ТРД РАДИО ЗОРА ДООЕЛ Делчево.
9. Предлог-решение за бришење од регистарот на радиодифузери на Трговското радио-дифузно друштво АЉБАНА ПЛУС ДООЕЛ – Куманово.
10. Предлог за давање одобрување за спроведување на постапка за јавна набавка за_следниот предмет на јавна набавка-стока: Средства за хигиена.
11. Предлог за давање одобрување за спроведување на постапка за јавна набавка за_следниот предмет на јавна набавка-стока: Електрична енергија.
12. Предлог за давање одобрување за спроведување на постапка за јавна набавка за следниот предмет на јавна набавка-услуга: Изнајмено печатење.
13. Предлог за давање одобрување за спроведување на постапка за јавна набавка за следниот предмет на јавна набавка-услуга: Обновување на сертификатот ISO 9001:2015 стандард за управување со квалитет.
14. Разно.

**Точка 1**

Советот на Агенцијата го разгледа и едногласно го усвои Записникот од 9-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 25.03.2021 година, со текст како што беше предложен.

**Точка 2**

Г-дин Петрушевски во врска со предложените квартални извештаи за работата на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за периодот од 01 јануари до 31 март 2021 година, објасни дека Советот ги разгледува но не гласа за нивно усвојување.

Г-дин Трајчевски објасни дека Советот е во тек со сите активности на Агенцијата и согласно Законот е вклучен во нив. Наведе дека во овој период се спроведени редовни извештаи согласно Програмата за работа, потоа контролни и вонредни надзори кај повеќето радиодифузери, административни надзори кај радиодифузерите и печатените медиуми. Во овој период беше донесена и Одлуката на Владата да додели помош во рамките на петтиот сет мерки и да ги ослободи радиодифузерите од плаќање на годишниот надоместок за радиодифузната дејност. Во таа насока Советот донесе соодветни подзаконски акти за да може да се реализира оваа активност. Со тоа радиодифузерите во оваа година надоместокот што требаше да го платат кон АВМУ, во нивно име Владата ги префрли средствата на Агенцијата и тие беа ослободени од плаќање за 2021 година. Во овој период се распиша еден конкурс за радио емитување на локално ниво за Струмица. Потоа едно барање беше одбиено за радио емитување на територија на град Скопје, бидејќи не постојат технички услови за негова реализација. Во овој период Агенцијата продолжи со секојдневни активности во насока на поддржување на Мрежата за медиумска писменост, оствари меѓународни активности

во рамките на ЕПРА, ЕРГА, МНРА. Имаше бришење на одреден број на радиодифузери од регистарот кои самите одлучиле да престанат со работа, дали на крајот на 2020 година или на почетокот на 2021 година, регистрација на програмски пакети на ОЈЕКМ, надзор над ОЈЕКМ. Беше испратен и допис до МВР во однос на реемитување на група на канали од јавниот радиодифузен сервис на Хрватска, Словенија, Црна Гора кај операторот Инел од Кавадарци. Изработени се фактури кон сите ОЈЕКМ согласно Законот за што треба да платат надоместок во висина од 0,5% од вкупниот приход што го оствариле во 2020 година во делот на реемитувањето. Изработени се одреден број на анализи и истражувања и многу други активности кои детално се наведени во кварталните извештаи за претходните три месеци.

Г-дин Фиданоски постави прашање до г-дин Трајчевски за кое рече дека не е задолжително да одговори. На страна 19 од кварталниот извештај каде што се наведени постапувањата по барања што произлегуваат од Законот за слободен пристап до информациите односно информации од јавен карактер, праша дали барањето од адвокатот Љупчо Докузов од Штип има врска со информацијата односно прилогот што одеше пред некој ден на ТВ 24 дека тие излегуваат од ЦИК-от?

Г-дин Трајчевски објасни дека тоа барање не беше за тоа, туку кој ја изработувал Студијата односно поконкретно бараа список на имиња и презимиња на лица кои што ја спровеле анкетата од страна на Маркет Вижн.

**Точка 3**

Г-дин Трајчевски ја образложи Нацрт-измената на Планот за намена и распределба на капацитети на дигитален терестријален мултиплекс на оператор на јавна електронска комуникациска мрежа кој има обврска за емитување на програмските сервиси на радиодифузерите бр.01-1268/1 од 17.02.2015 година. Објасни дека претходно биле извршени промени од страна на Агенцијата за електронски комуникации во однос на усогласување на услугата 5G и за да АВМУ се прилагоди на измените што ги направила АЕК се прават соодветни измени во Планот. Овој документ е доставен во Нацрт верзија и ќе биде ставен на јавна расправа во траење од 30 дена и ќе биде доставен и до Агенцијата за електронски комуникации, Министерството за информатичко општество и администрација, јавниот радиодифузен сервис и до ЈП „Национална радиодифузија" за да дадат свои забелешки, а потоа ќе треба да се добие и одобрение од Владата за да стапи во сила овој План. Наведе дека доколку има интерес за подетални технички детали кои се наведени во табелите раководителот м-р Арбен Саити е присутен на седницата и може да одговори на поставените прашања.

Г-дин Петрушевски рече очигледно е дека станува збор за технички и јазични измени во текстот кои детално се наведени во табелата. Како што објаснил и г-дин Трајчевски, овие измени потекнуваат од АЕК, и АВМУ се прилагодува. Од кога ќе се добијат мислења и забелешки од наведените институции ќе биде ставен на седница и Советот ќе го гласа како Предлог-план. Објасни дека го разгледал Нацртот и нема забелешки.

Советот на Агенцијата едногласно ја усвои Нацрт-измената на Планот за намена и распределба на капацитети на дигитален терестријален мултиплекс на оператор на јавна електронска комуникациска мрежа кој има обврска за емитување на програмските сервиси на радиодифузерите бр.01-1268/1 од 17.02.2015 година.

Секторот за информатичка поддршка и општи работи горенаведениот нацрт документ да го достави на мислење до Агенцијата за електронски комуникации, Министерството за информатичко општество и администрација, јавниот радиодифузен сервис и до ЈП „Национална радиодифузија“ на чија соработка при донесување на Планот упатува Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот, горенаведениот нацрт документ да го објави на веб страницата на Агенцијата (www.avmu.mk) со цел да се обезбеди јавна расправа во траење од 30 дена од денот на објавување на актот.

**Точка 4**

Раководителката на Секторот за програмски работи м-р Емилија Јаневска го образложи Предлогот за изрекување мерка на ТРД Телевизија СИТЕЛ ДООЕЛ за прекршување на член 50 став 3 од ЗААВМУ и на членовите 16 и 17 од Правилникот за заштита на малолетници. Објасни дека ова прекршување е констатирано со редовен надзор направен во март 2021 година. Посочи дека надзорот беше со проширен опфат затоа што во периодот на реализација пристигна и претставка од физичко лице во однос на играниот серијал „Ангели“. Оттаму наместо за 3 март како што беше направен надзорот кај другите радиодифузери кои емитуваат програма на државно ниво преку терестријален мултиплекс, надзорот за ТВ Сител беше направен на повеќе денови односно го опфати периодот од 1 до 19 март. Со надзорот беше констатирано прекршување на член 50 став 3 од ЗААВМУ и на членовите 16 и 17 од Правилникот за заштита на малолетници. Беше констатирано дека премиерите и репризите на играниот серијал од турско производство „Ангели“ беа погрешно категоризирани и означени како „Програма од Втора категорија - што не се препорачува за деца под 8 години, за чие следење се препорачува надзор од родител или старател“. Но, по извршената анализа на емитуваните епизоди, и тоа според критериумите од членот 14 од „Правилникот за заштита на малолетните лица“, се покажа дека требало да бидат означени со предупредувачка ознака „12+“ – Трета категорија програма, за чие следење е неопходен надзор од родител или старател и да се емитуваат само во периодот од 20:00 до 05:00 часот, бидејќи содржат долготрајни, експлицитни сцени на брутално насилство и на последици од психофизичка тортура. Што значи дека репризите од серијалот „Ангели“ веќе не може да се емитуваат во досегашниот попладневен програмски период, туку мора да се поместат по 20 часот. Во секоја од епизодите прикажаното психофизичко насилство - варира, но сепак, без исклучок, во одредена мерка епизодите содржат чести и повторливи сцени/глетки со гестуални, вербални и визуелни прикази понижување на човековото достоинство „булинг“, меѓугенерациско/врсничко насилство меѓу девојки од интернат, родова/социјална стереотипија и дискриминација. За илустрација од анализата во извештајот се издвоени вкупно 4 епизоди од серијалот што содржат долготрајни експлицитни сцени на брутално насилство и на последици од психофизичка тортура. Од овие причини за радиодифузерот е предложено изрекување мерка јавна опомена со рок на усогласување од 30 дена од денот на приемот на решението а потоа да се изврши контролен надзор за да се утврди дали субјектот на надзорот ќе постапи по изречената опомена.

Советот на Агенцијата го разгледа Писмениот извештај за извршен редовен програмски надзор – со проширен опфат поради претставка (иницијатива на физичко

лице) бр.10-1223/1 од 25.03.2021 година и едногласно заклучи на ТРД Телевизија СИТЕЛ ДООЕЛ да му изрече марка јавна опомена за прекршување на член 50 став 3 од ЗААВМУ и на членовите 16 и 17 од Правилникот за заштита на малолетници, затоа што во периодот од 1 до 19 март 2021 година, премиерите и репризите на играниот серијал „Ангели“ беа погрешно категоризирани и означени како програма од Втора категорија (8+), а репризите беа емитувани и во несоодветен временски период од денонокието.

Во согласност со точката 6 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка бр.01-6039/1 од 20.10.2015 година, му се наложи во рок од 30 дена од денот на приемот на решението за изрекување мерка јавна опомена да го усогласи своето работење со членот 50 став 3 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и со Правилникот за заштита на малолетните лица.

Секторот за правни работи да го изготви решението за изрекување мерка јавна опомена на наведениот радиодифузер.

Секторот за програмски работи по истекот на рокот определен во Решението за јавна опомена да изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзорот (радиодифузерот) постапил по изречената мерка (во целост, делумно или не постапил).

Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот, горенаведеното решение да го објави на веб страницата на Агенцијата.

**Точка 5**

Раководителката на Секторот за програмски работи м-р Емилија Јаневска го образложи Предлогот за изрекување мерка на ТРД АЛФА ТВ ДООЕЛ Скопје за прекршување на член 64 став 1 од ЗААВМУ. Објасни дека ова прекршување е констатирано со редовен програмски надзор направен на 3 март 2021 година. Прекршувањето се однесува во однос на емитување на јазикот на програмата. Со надзорот е утврдено дека радиодифузерот на 3 март првиот дел од епизодата од играната серија „Вистини и лаги“ беше емитувана изворно на српски јазик, без да биде обезбеден превод на македонски јазик. Потенцира дека остатокот од играната серија беше титлувана на македонски јазик за што можеби станува збор за техничка грешка кај радиодифузерот. Но сепк рече дека не беше преведен период од околу 20 минути и од тие причини е констатирано прекршувањето. За радиодифузерот согласно Законот е предложено изрекување мерка јавна опомена со рок на усогласување од 15 дена од денот на приемот на решението а потоа да се изврши контролен надзор за да се утврди дали субјектот на надзорот ќе постапи по изречената опомена.

Г-дин Фиданоски до раководителката постави прашање во однос на тоа дали емисии од забавен карактер од типот на ток шоу каде што има ред музика ред дијалози меѓу водителите и гостите, дали тие дијалози мора да бидат титлувани или се дозволува да бидат оригинално пренесени како што се во овој случај на српски јазик?

Раководителката Јаневска објасни дека вкупната програма според Законот мора да биде емитувана на јазикот во зависност од јазикот утврден во дозволата. Тоа значи ако имаат гости учесници од друго говорно подрачје програмата треба да биде или надсинхронизирана или титлувана на јазикот на кој што се емитува програмата.

Советот на Агенцијата го разгледа Писмениот извештај за извршен редовен програмски надзор бр.10-1194/1 од 24.03.2021 година и едногласно заклучи на ТРД АЛФА ТВ ДООЕЛ Скопје да му изрече марка јавна опомена за прекршување на член 64 став 1 од ЗААВМУ, затоа што на 3 март 2021 година, првиот дел од епизодата од играната серија „Вистини и лаги“ беше емитувана изворно на српски јазик, без да биде обезбеден превод на македонски јазик.

Во согласност со точката 5 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка бр.01-6039/1 од 20.10.2015 година, му се наложи во рок од 15 дена од денот на приемот на решението за изрекување мерка јавна опомена да го усогласи своето работење со членот 64 став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

Секторот за правни работи да го изготви решението за изрекување мерка јавна опомена на наведениот радиодифузер.

Секторот за програмски работи по истекот на рокот определен во Решението за јавна опомена да изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзорот (радиодифузерот) постапил по изречената мерка (во целост, делумно или не постапил).

Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот, горенаведеното решение да го објави на веб страницата на Агенцијата.

**Точка 6**

Раководителката на Секторот за стратешко планирање и авторски права м-р Магдалена Давидовска Довлева го образложи Предлогот за изрекување мерка на Колор Медиа Плус од Скопје за прекршување на член 14 од Законот за медиуми. Објасни дека станува збор за вонреден надзор спроведен на 18 март 2021 година и констатирано е дека во изданието бр.147 на „Убавина и здравје“ не се објавени податоците за адреса на печатницата, односно не е исполнета во целост обврската од член 14 став 1 од Законот за медиуми. Импресум има во ова издание, но тој не ги содржи сите податоци. Оттаму доставен е предлог да се изрече мерка јавна опомена.

Советот на Агенцијата го разгледа Писмениот извештај за извршен административен надзор бр.03-1107/1 од 18.03.2021 година и едногласно заклучи на Друштвото за производство, трговија и услуги Колор Медиа Плус од Скопје да му изрече мерка јавна опомена за прекршување на член 14 од Законот за медиуми, затоа што во изданието бр.147 на „Убавина и здравје“ не ги објавило податоците за адреса на печатницата.

Во согласност со Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка бр.01-6039/1 од 20.10.2015 година, му се наложи во рок од 30 дена од денот на приемот на решението за изрекување мерка јавна опомена да го усогласи своето работење со членот 14 од Законот за медиуми.

Секторот за правни работи да го изготви решението за изрекување мерка јавна опомена на наведениот субјект.

Секторот за стратешко планирање и авторски права по истекот на рокот определен во Решението за јавна опомена да изврши контролен надзор, со цел да се

утврди дали субјектот на надзорот постапил по изречената мерка (во целост, делумно или не постапил).

Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот, горенаведеното решение да го објави на веб страницата на Агенцијата.

**Точка 7**

Раководителката на Секторот за стратешко планирање и авторски права м-р Магдалена Давидовска Довлева ја образложи Предлог-одлуката за промена на сопственичката структура на ТРД КТВ ДООЕЛ Кавадарци. Објасни дека известувањето е комплетно и уредно. Планирано е да отстапи постојниот сопственик на телевизијата а на негово место единствен сопственик да биде друго физичко лице. Секторот како и секогаш направи проверка во Централен регистар и новиот сопственик воопшто не се јавува како сопственик ниту како управител на други трговски друштва. Со тоа не постојат законски пречки тој да биде сопственик на радиодифузер.

Советот на Агенцијата едногласно донесе одлука со која се дозволува промена во сопственичката структура на ТРД КТВ ДООЕЛ Кавадарци, со текст како што беше предложена одлуката.

Со предложените промени во сопственичката структура на ТРД КТВ ДООЕЛ Кавадарци не се создава недозволена медиумска концентрација во смисла на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр. 184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18, 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 42/20) и тие не се спротивни на забраните од членовите 34, 35 став 2 или 38 од овој Закон.

Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот, горенаведената одлука да ја објави на веб страницата на Агенцијата.

Г-дин Петрушевски по гласањето во име на Советот му посака среќа на новиот сопственик и успех во работата.

**Точка 8**

Раководителката на Секторот за стратешко планирање и авторски права м-р Магдалена Давидовска Довлева ја образложи Предлог-одлуката за промена на сопственичката структура на ТРД РАДИО ЗОРА ДООЕЛ Делчево. Објасни дека известувањето е уредно и комплетно. При проверка во Централен регистар се установи дека лицето кое се планира да биде нова сопственичка на радиото не се јавува како основач на други трговски друштва ниту како управител. Од аспект на ЗААВМУ не постојат пречки таа да биде сопственик на радиодифузер.

Советот на Агенцијата едногласно донесе одлука со која се дозволува промена во сопственичката структура на ТРД РАДИО ЗОРА ДООЕЛ Делчево, со текст како што беше предложена одлуката.

Со предложените промени во сопственичката структура на ТРД РАДИО ЗОРА ДООЕЛ Делчево не се создава недозволена медиумска концентрација во смисла на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република

Македонија“ бр. 184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18, 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 42/20) и тие не се спротивни на забраните од членовите 34, 35 став 2 или 38 од овој Закон.

Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот, горенаведената одлука да ја објави на веб страницата на Агенцијата.

Г-дин Петрушевски по гласањето во име на Советот и посака среќа на новата сопственичка и успех во работата.

**Точка 9**

Раководителката на Секторот за правни работи д-р Андриана Скерлев Чакар го образложи Предлог-решението за бришење од регистарот на радиодифузери на Трговското радио-дифузно друштво АЉБАНА ПЛУС ДООЕЛ – Куманово. Објасни дека поради неликвидност во работењето и сервисирање на обврските надлежниот регистар изврши бришење на Трговското радио-дифузно друштво АЉБАНА ПЛУС ДООЕЛ – Куманово. Со оглед дека во член 85 став 1 алинеја 6 и став 2 ликвидацијата е предвидена како услов за престанок на важноста на дозволата по сила на Закон, до Советот се доставува Предлог-решението.

Советот на Агенцијата едногласно донесе Решение за бришење од регистарот на радиодифузери на Трговското радио-дифузно друштво АЉБАНА ПЛУС ДООЕЛ – Куманово.

Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот, горенаведеното Решение да го објави во „Службен весник на Република Северна Македонија“ и на веб страницата на Агенцијата.

**Точка 10**

Г-дин Петрушевски во врска со предлогот по точката потпишан од директорот и службата објасни дека на страна 119 во последната реченица има техничка грешка. Имено наместо зборовите „Средства за хигиена“ пишува „Миење на возила“. Оваа техничка грешка ја нема во другите документи и предложи да се коригира во крајните документи кои ќе одат во архивата на Агенцијата.

Раководителката на Службата за јавни набавки Цветанка Митревска го образложи Предлогот за давање одобрување за спроведување на постапка за јавна набавка-стока: Средства за хигиена. Објасни дека набавката е предвидена во Планот за јавни набавки и Финансискиот план на Агенцијата за 2021 година. Според проценетата вредност ќе се спроведе како набавка од мала вредност а согласно Законот за јавни набавки огласот ќе се објави само во електронскиот систем за јавни набавки. Набавката - Средства за хигиена ќе се спроведе за период од 2 години. Сите податоци за набавката, причините за спроведувањето на оваа постапка и членовите на комисијата се содржани во материјалите кои се доставени во рамките на материјалите за седницата.

Советот на Агенцијата едногласно даде одобрување за спроведување на постапката за јавна набавка за следниот предмет на јавна набавка–стока: Средства за хигиена.

Спроведувањето на постапката за јавна набавка за предметот–стока: Средства за хигиена за период од 2 (две) години  е предвидено и е во согласност со Годишниот план за јавни набавки за 2021 година на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги бр.05-4773/1 од 30.12.2020 година, а средствата се обезбедени со Финансискиот план на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2021-та година, односно ќе бидат дообезбедени со Финансискиот план на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2022-та година.

**Точка 11**

Раководителката на Службата за јавни набавки Цветанка Митревска го образложи Предлогот за давање одобрување за спроведување на постапка за јавна набавка-стока: Електрична енергија. Објасни дека со либерализација на пазарот на електричната енергија и АВМУ како договорен орган има обврска да излезе на слободниот пазар на електрична енергија и да врши набавка на електричната енергија што е во согласност со одредбите на Законот за енергетика. Оваа набавка како и сите досега е предвидена во Годишниот план за јавни набавки и Финансискиот план на Агенцијата за 2021 година. Ќе се спроведе за период од една година. Според износот на средствата што се предвидени за оваа јавна набавка ќе се примени поедноставена отворена постапка, огласот ќе биде објавен на електронскиот систем на јавни набавки и во Службен весник на РСМ. Другите податоци како начинот на извршување, рокот на реализација, податоци за членовите на комисијата има во доставените материјали.

Советот на Агенцијата едногласно даде одобрување за спроведување на постапката за јавна набавка за следниот предмет на јавна набавка-стока: Електрична енергија.

Спроведувањето на постапката за јавна набавка за предметот-стока: Електрична енергија е предвидено и е во согласност со Годишниот план за јавни набавки за 2021 година на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги бр.05-4773/1 од 30.12.2020 година, а средствата се обезбедени со Финансискиот план на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2021-та година.

Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за горенаведената постапка по претходно склучен договор за извршување на групна набавка, ќе ја спроведе како групна набавка со Агенцијата за млади и спорт која има потреба од истата предметна набавка.

**Точка 12**

Раководителката на Службата за јавни набавки Цветанка Митревска го образложи Предлогот за давање одобрување за спроведување на постапка за јавна набавка-услуга: Изнајмено печатење. Оваа набавка се спроведува согласно одредбите од Законот за јавни набавки што значи таа е предвидена во Годишниот план за јавни набавки и Финансискиот план на Агенцијата за 2021 година. Набавката ќе се спроведе за период од 2 години и според проценетата вредност ќе се спроведе како поедноставена отворена постапка за што ќе биде објавен оглас на електронскиот систем на јавни набавки и во рамките на Службен весник на РСМ. Другите податоци

како начинот на извршување, рокот на реализација, податоци за членовите на комисијата има во доставените материјали.

Советот на Агенцијата едногласно даде одобрување за спроведување на постапката за јавна набавка за следниот предмет на јавна набавка–услуга: Изнајмено печатење.

Спроведувањето на постапката за јавна набавка за предметот–услуга: Изнајмено печатење за период од 2 (две) години е предвидено и е во согласност со Годишниот план за јавни набавки за 2021 година на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги бр.05-4773/1 од 30.12.2020 година, а средствата се обезбедени со Финансискиот план на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2021-та година, односно ќе бидат дообезбедени со Финансискиот план на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2022-та година.

**Точка 13**

Г-дин Петрушевски во врска со точката објасни дека има потреба да се обнови сертификат ISO 9001:2015 стандард за управување со квалитет бидејќи тој нема неограничено траење туку е за период од 3 години. Потоа АВМУ треба да докаже дека работи по овој стандард.

Раководителката на Службата за јавни набавки Цветанка Митревска го образложи Предлогот за давање одобрување за спроведување на постапка за јавна набавка-услуга: Обновување на сертификат ISO 9001:2015 стандард за управување со квалитет. Објасни дека важноста на постојниот сертификат е до 25.09.2021 година што значи дека оваа набавка навремено ќе се спроведе. Според проценетата вредност станува збор за набавка од мала вредност. Оваа набавка како и сите досега е предвидена во Годишниот план за јавни набавки и Финансискиот план на Агенцијата за 2021 година. Огласот за оваа набавка ќе биде објавен само на електронскиот систем за јавни набавки. Времетраењето на договорот кој ќе произлезе ќе биде за 3 години. Другите податоци како начинот на извршување, рокот на реализација, податоци за членовите на комисијата има во доставените материјали.

Г-дин Петрушевски рече дека навистина станува збор за мала јавна набавка. Проценетата вредност од службата е 150 илјади денари и се надева дека ќе се јави економски оператор кој за овие средства ќе го обнови сертификатот.

Советот на Агенцијата едногласно даде одобрување за спроведување на постапката за јавна набавка за следниот предмет на јавна набавка-услуга: Обновување на сертификат ISO 9001:2015 стандард за управување со квалитет.

Спроведувањето на постапката за јавна набавка за предметот-услуга: Обновување на сертификат ISO 9001:2015 стандард за управување со квалитет за период од 3 (три) години е предвидено и е во согласност со Годишниот план за јавни набавки за 2021 година на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги бр.05-4773/1 од 30.12.2020 година, а средствата се обезбедени со Финансискиот план на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2021-та година, а соодветно ќе бидат обезбедени и за следните две години.

**Точка 14**

**Разно**

Немаше точки под Разно.

**Бр. 02-1589/13**
**21.04.2021 година**
**С к о п ј е**

**Агенција за аудио и**
**аудиовизуелни медиумски услуги**
**Претседател на Советот**

**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ**